( Образец ПП……)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО

До: Општина Валандово

| Примено: 14.03.2023 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 295 | 1 | |

(имател на информацијата)

Арх. знак 1008
Рок на чување 5
28.03. 23 год.
Потпис

**БАРАЊЕ**

**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

Од: [redacted]

(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: [redacted]

(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

- Колкав е планираниот буџет на Општината за заштита на животната средина и климатски промени?
- За која цел се наменети тие средства?
- Дали општината планира изградба на депонија за справување со отпадот на ниво на општината?
- Каде се планира да биде локацијата на депонијата доколку е во план да се изгради?
- Како во моментов општината управува со отпадот (собирни центри, депонии и сл.)
- Колку средства ќе се наменат за справување со аерозагадувањето
- Дали Општината има регистар за загадувачи на воздух
- Што се презема во моментов за намалување на аерозагадувањето

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго ______________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго ______________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Потпис**

**Во [redacted], 13.3 2023 година**

______________________

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Бр. 10-295/2
28.03.2023 год.
Валандово

Општина Валандово
Република Северна Македонија

Градоначалникот на Општина Валандово, постапувајќи по барањето за пристап до информации од јавен карактер, поднесено од [redacted], заведено под бр.10-295/1 од 14.03.2023 година, врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ" бр. 101/19), член 50 став 1 точка 11 и член 63 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.05/2002), член 36 став 1 алинеја 5 и член 50 став 3 од Статутот на Општина Валандово, донесе

## РЕШЕНИЕ

### за усвојување на Барање за пристап до информации од јавен карактер

1. **СЕ УСВОЈУВА** Барањето за пристап до информации од јавен карактер, поднесено од [redacted], заведено под бр.10-295/1 од 14.03.2023 година.

2. Информацијата од јавен карактер која се бара, Општина Валандово како имател, ќе ја даде преку овластеното службено лице за посредување при остварувањето на правото на слободен пристап до информации, во законски утврдениот рок и во бараната форма, освен ако информацијата веќе постои во однапред пропишана форма и е достапна на јавноста.

### Образложение

Постапувајќи по барањето, Градоначалникот на Општина Валандово, во согласност со одредбата од член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, утврди дека Општина Валандово е имател на информацијата од јавен карактер која се бара, па одлучи како во диспозитивот на Решението.

Поради причини од член 21 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, барателот може да поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер во рок од 15 дена.

Градоначалник
на Општина Валандово
Перо Костадинов

Изработил: С. Димитров
Контролирал:Е.Фидански
Одобрил: С.Х.Јовановиќ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Бр. 10-295/3
28.03.2023 год.
Валандово

Општина Валандово
Република Северна Македонија

**ДО**

[redacted]

**ПРЕДМЕТ:** Одговор на Вашето барање по ЗСПИЈК од 13.03.2023 година

Почитувани,

Во врска со Вашето барање по ЗСПИЈК од 13.03.2023 година, заведено под бр.10-295/1 од 14.03.2023 година, Ви ги доставуваме податоците од Општина Валандово

- Планираниот Буџет на Општина Валандово за заштита на животната средина и климатски промени е 300 000 денари, а планирани се и 1.200 000 денари за јавна чистота.за 2023 година.

- Општина Валандово, има утврдено една локација „Сува река" КО Раброво за депонирање на комунален неопасен отпад

-Градоначалникот на Општина Валандово, со Решение бр.09-1169/1 од 27.12.2022 година, ги определи собирните места за поставување на садови за собирање и селектирање на отпад и како и локација за организирање на Собирен центар за селектиран отпад во Општина Валандово.

- Согласно Програмата за управување на отпад во Општина Валандово 2023-2025, Давателот на услугата е должен да организира Собирен центар за селектиран отпад на локација „Сува Река" КО Раброво.

- Комуналниот отпад од населените места во Општина Валандово, го собира ЈП Комунален сервис и целиот отпад го одлага во депонијата „Сува река". Отпадот кој се селектира од страна на домаќинствата и институциите од општината го превземаат колективни постапувачи со кој Општина Валандово и ЈП Комунален сервис имаат склучено договори.

- Во моментот Општина Валандово нема проблем со аерозагадувањето, а во општината не постои индустриски комплекс кој врши аерозагадување.

Со почит,

**ПРИЛОГ:** Програма за управување со отпад во Општина Валандово 2023-2025

**Општина Валандово**
**Лице задолжено за посредување со информации од јавен карактер**
**Соња Христова-Јовановиќ**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА ВАЛАНДОВО ВАЛАНДОВО